ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 05-2820/1
31.07.2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

**ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ**

**за период од 01.01.2026 – 30.06.2026 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни 2026 година**

**Скопје, јули 2026 г**

# 1. ОСНОВАЊЕ, ДЕЈНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА, ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА, ЗАКОНИ, УРЕДБИ И ПРАВИЛНИЦИ

## ОСНОВАЊЕ

Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје својата дејност ја обавува од 1958 година како Градска управа за патишта, организација со самостојно финансирање.

Јавното претпријатие е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП „Комуналец" во повеќе посебни претпријатија со бр.02-3800/7 од 08.10.1992 година, заведено во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје под број 19253/92 од 29.12.1992 година.

Со Решение Трег. Бр.10504/1999 од 29.10.2001 година од Основен суд Скопје 1 Скопје извршено е усогласување со Законот за јавни претпријатија и Статутот на Јавното претпријатие „Улици и патишта"-Скопје, донесен од Управниот одбор на ден 21.12.1998 година бр. 02-2932/1 на кој е дадена согласност од Советот на град Скопје, Решение број 09-3196 од 21.12.1998 година и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Улици и патишта" – Скопје бр.09-1617/1 од 28.06.1999 година.

Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје, на ул. „Коле Неделковски" бр.38.

Јавното претпријатие има својство на правно лице. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот имот со кој располага.

## ДЕЈНОСТ

Претежна дејност под која е регистрирано Јавното претпријатие е под шифра **42.110 Изградба на патишта и автопати.**

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок, глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места;
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности;

## ОРГАНИЗАЦИЈА

Организационата поставеност на Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје е уредена со посебен акт Правилник за внатрешна организација на ЈП „Улици и патишта" Скопје, според кој Претпријатието го сочинуваат следните организациони единици (во форма на Сектори и Одделенија):

- Самостојно одделение за внатрешна ревизија;
- Самостојно одделение за јавни набавки;
- Сектор за Механизација;
- Сектор Одржување и изградба на сообраќајници;
- Сектор Сообраќај;
- Сектор Техничка подготовка и развој;
- Сектор Општи, правни работи и човечки ресурси;
- Сектор Финансиско работење.

Секој Сектор се дели на соодветен број одделенија кои дејствуваат како единствена целина во рамките на Претпријатиетo и немаат својство на правни лица.

Бројот на вработени во редовен работен однос во ЈП „Улици и патишта" заклучно со **30.06.2026** година изнесува 224 за разлика од 30.06.2025 година кога бројот на вработени изнесувал 235, односно е намален за 11 лица.

Бројот на вработени на 30.06.2026 година изнесува 224 лица во редовен работен однос на неопределено време. На 31.03.2026 година бројот на вработени во редовен работен однос изнесувал 226 лица,односно во периодот 01.04.-30.06.има намалување на бројот на вработени и тоа:

2(двајца) вработени ССС од Механизација се стекнале со право на старосна пензија.

Квалификационата структура на вработените на 30.06.2026 година е прикажана во следнава табела:

БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ И САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА

| | ВСС | ВШС | ССС | ВК/КВ | НК/ПК | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 | | | | | **1** |
| Самостојно одделение за внатрешна ревизија | 1 | | | | | **1** |
| Самостојно одделение за јавни набавки | 3 | | | | | **3** |
| Одржување и изградба на сообраќајници | 1 | 1 | 9 | 28 | 22 | **61** |
| Сообраќај | 12 | 1 | 14 | 6 | | **33** |
| Механизација | 2 | | 46 | 10 | 7 | **65** |
| Техничка подготовка и развој | 9 | | 1 | | | **10** |
| Финанско работење | 2 | 1 | 10 | | | **13** |
| Општи правни работи и човечки ресурси | 5 | | 32 | | | **37** |
| Вкупно | 36 | **3** | 112 | **44** | **29** | **224** |

Целокупното финансиско работење во првата половина од 2026 година, Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје го извршува преку 9 (девет) сметки отворени во деловните банки и тоа 6 (шест) денарски сметки и 3 (три) девизни сметки:

| | | |
|---|---|---|
| 500000001408079 | Стопанска банка АД Битола | Денарска сметка |
| 270045289640163 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка |
| 270045289640260 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка - наменска |
| 300000005179351 | Комерцијална банка АД Скопје | Денарска сметка |
| 300000005179448 | Комерцијална банка АД Скопје | Денарска сметка-наменска |
| 200004200862218 | Стопанска банка АД Скопје | Денарска сметка |
| MK07270703000001011 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Девизна сметка |
| MK07500703000000860 | Стопанска банка АД Битола | Девизна сметка |
| MK07300701004173683 | Комерцијална банка АД Скопје | Девизна сметка |

На 30.06.2026 г функцијата вд директор на Претпријатието ја извршува Борис Настов именувана од Градоначалникот на Град Скопје како законски застапник од 17.11.2025 г. и повторно на 18.05.2026 г.Примањата по основ на плата и надоместоци се определени со Договор склучен помеѓу Градоначалникот на Град Скопје и ВД Директорот на Јавното претпријатие.

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ**

Органи на управување на Јавното претпријатие „Улици и патишта" - Скопје согласно Статутот донесен на седницата одржана на 03.06.2011 година се:

- Управен одбор
- Надзорен орган за контрола на материјално – финансиското работење и
- Директор

**ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА**

Целокупното работење на ЈП „Улици и патишта" Скопје се одвива во согласност со **Програмите за работењето за 2026 г**. за кои согласност дава Советот на Град Скопје и тоа:

- Програма за изградба, одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје во 2026 година
- Програма за одржување, проектирање и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно - техничка опрема на подрачјето на Град Скопје во 2026 година
- Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2025/2026 година (Зимска Служба);
- Програма за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје за 2026 година

**ЗАКОНИ, УРЕДБИ И ПРАВИЛНИЦИ врз основа на кои се одвива целокупното работење на ЈП**

- Закон за јавни претпријатија
- Закон за трговски друштва
- Закон за данокот на додадена вредност
- Закон за данок на добивка
- Закон за персонален данок на доход
- Закон за исплата на плати во Република Македонија
- Закон за јавни набавки
- Закон за работни односи
- Меѓународни Сметководствени Стандарди
- Закон за комунални дејности
- Закон за градба
- Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отпис на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните аморизациони ставки
- Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план
- Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и други.

## 2. *ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ*

Физички показатели од работењето на **ЈП Улици и патишта Скопје** во периодот 01.01.-30.06.2026 година се прикажани во следнава Табела:

| Реден број | ЈП Улици и патишта | Асфалтирање | Сем. столб | Столбчиња | Семафоризирани к-ци | Обележување | Знаци нови | Лед модули репарирани | Лантерни нови репарирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2026** | м2 | ком | ком | ком | м2 | ком | ком | ком |
| 1 | **Град Скопје** | 24.711.63 | 42.00 | 1497.00 | 2.00 | 12.694.00 | 429.00 | 75.00 | 102.00 |
| 2 | **Други инвеститори** | | | | | | | | |
| | **Вкупно:** | **24.711.63** | **42.00** | **1497.00** | **2.00** | **12.694.00** | **429.00** | **75.00** | **102.00** |

| Реден број | ЈП Улици и патишта | Механизација асфалтерски работи | Работна рака асфалтерски работи | Машинско чистење на косини | Рачно чистење на косини |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2026** | час | час | м2 | м2 |
| 1 | **Град Скопје** | 9.441,60,00 | 29.644,00 | 2.437,00 | 8.896,00 |
| 2 | **Други инвеститори** | | | | |
| | **Вкупно:** | **9.441,60,00** | **29.644,00** | **2.437,00** | **8.896,00** |

Од Табелата може да се констатира дека работењето во првата половина од тековната 2026 година е извршено за основачот Град Скопје.

## 2.1.ГРАД СКОПЈЕ

### 2.1.1 АСФАЛТИРАЊЕ

Во првото полугодие од 2026 година по налог на Градот Скопје асфалтирани се **24.711.63 м2** што покажува дека асфалтираните површини се поголеми за 13.870,76 м2 во однос на истиот период минатата 2025 година кога биле асфалтирани површини од 10.840,87 м2.

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година поставени се нови заштитни столбчиња (1.497 парчиња) исто така санирани се заштитни столбчиња (895 парчиња), во истиот период во 2025 година извршена е метална конструкција (1.244,80кг), ограда (84м1), заштитни столбчиња (226 парчиња).

Подетално овие дејности на Претпријатието согласно Програмата се наведени во следната Табела:

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01.-30.06.2026 Г

| | МЕСЕЦ/ОБЈЕКТ | Асфалт | Метална конструкција | Ограда | заштитни столбчиња | санирани заштитни столбчиња | механизација | раб.рака |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сообраќајници | м2 | кг | м1 | ком | ком | час | час |
| | **ФЕВРУАРИ** | | | | | | | |
| | **Општина Аеродром** | | | | | | | |
| 1 | бул.Србија-предредување на бехатон | | | | | | 132 | 924 |
| 2 | бул. Трета Мак. Бригада и бул. Србија-санација на жардињери | | | | | | 16 | 108 |
| | **Општина Карпош** | | | | | | | |
| 1 | ул. Козле-прередување на бекатон | | | | | | 234 | 1,092 |
| | **Општина Кисела Вода** | | | | | | | |
| 1 | бул. Борис Трајковски-прередување на бехатон | | | | | | 288 | 720 |
| | ул. Христо Татарчев и бул. Партизански одреди-прередување на бехатон | | | | | | 40 | 180 |
| | ул. Антон Попов-санација на тротоар | 220.66 | | | | | | |
| | **Општина Центар** | | | | | | | |
| 1 | ул. Македонија-прередување на плочи | | | | | | 78 | 468 |
| | кеј 13 Ноември-рушење на објекти | | | | | | 112 | 112 |
| | кеј 13 Ноември-рушење на објекти | | | | | | 112 | 112 |
| | кеј 13 Ноември-рушење на објекти | | | | | | 160 | 168 |
| | Градски Парк и плоштад Македонија-отстранување урбана опрема и преселување | | | | | | 192 | 448 |
| | Санација на заштитни столбчиња | | | | | 752.00 | | |
| | Поставување на нови столбчиња | | | | 390.00 | | | |
| | Партерно уредување на простор пред фонтана Лотосов Цвет | | | | | | 144 | 544 |
| | **МАРТ** | | | | | | | |
| | **Општина Аеродром** | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. Фрањо Клуз-реконструкција дел 1 | 1.437.65 | | | | | | |
| 2. | ул. Фрањо Клуз-реконструкција дел 2 | 662.00 | | | | | | |
| | **Општина Ѓорче Петров** | | | | | | | |
| 1 | ул. Македонска Војска-изведба на подигнат пешачки премин | 43.40 | | | | | | |
| | **Општина Карпош** | | | | | | | |
| 1 | Санација на тротоар на ул. Никола Парапунов-дел 2 | 1,410.00 | | | | | | |
| | **Општина Центар** | | | | | | | |
| 1 | Градски парк-рушење летна дискотека Хавана | | | | | | 288 | 448 |
| | Градски парк-рушење летна дискотека Мусанда | | | | | | 256 | 448 |
| | Градски парк-рушење летен клуб Централ Парк | | | | | | 264 | 416 |
| | Градски парк-рушење летен клуб Градски Парк | | | | | | 240 | 448 |
| | Градски парк-рушење летен клуб Градски Парк | | | | | | 256 | 384 |
| | Градски парк-рушење летен клуб Градски Парк | | | | | | 288 | 352 |
| | **АПРИЛ** | | | | | | | |
| | **Општина Аеродром** | | | | | | | |
| | ул. Фрањо Клуз- санација тротоар и лепези | 1,935.00 | | | | | | |
| | **Општина Бутел** | | | | | | | |
| | ул. Александар Урдаревски-санација на тротоар бехатон | | | | | | 40 | 120 |
| | **Општина Ѓорче Петров** | | | | | | | |
| | ул.Веле Марков- санација на тротоар бехатон | | | | | | 24 | 96 |
| | **Општина Карпош** | | | | | | | |
| | бул.Партизански одреди-санација на тротоар | 1,109.48 | | | | | | |
| | **Општина Центар** | | | | | | | |
| | Столбчиња | | | | 545.00 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Плоштад Карпошово Востание-пристапни патеки | 784.18 | | | | | | |
| 3 | бул. Климент Охридски-санирање на простор до Влада на РМ | 1,054.00 | | | | | | |
| | **МАЈ** | | | | | | | |
| | **Општина Гази Баба** | | | | | | | |
| 1 | ул. Благоја Стефковски-санирање на коловоз | 194.08 | | | | | | |
| 2 | АСУЦ Боро пртрушевски-санација | 206.95 | | | | | | |
| 3 | Пожарна- простапни патеки-1 | 1,103.00 | | | | | | |
| 4 | Пожарна- простапни патеки-2 | 2,522.86 | | | | | | |
| | **Општина Карпош** | | | | | | | |
| 1 | Јадранска Магистрала-дислокација на ограда | | | | | | | |
| | **Општина Центар** | | | | | | 24 | 12[illegible] |
| 1 | Столбчиња | | | | 562.00 | | | |
| 2 | Столбчиња-санација | | | | | 143.00 | | |
| 3 | Санација на патеки околу Езерца | 1,175.04 | | | | | | |
| | **ЈУНИ** | | | | | | | |
| | **Општина Аеродром** | | | | | | | |
| | ул.Фрањо Клуз- санација на тротоари и лепез | 286.91 | | | | | | |
| | **Општина Гази Баба** | | | | | | | |
| | ул. Перо Наков-реконструкција на коловоз - дел 1 | 6,935.24 | | | | | | |
| | ул. Перо Наков-реконструкција дел 2 | 3,631.18 | | | | | | |
| | **Општина Центар** | | | | | | | |
| | Центар- ИЛ бр.106126 Рушење на монтажни времени објекти-настрешница | | | | | | | |
| | ул.Македонија-прередување плочи | | | | | | 48 | 8[illegible] |
| | | | | | | | 24 | |
| | Се Вкупно: | **24,711.63** | **0.00** | **0.00** | **1,497.00** | **895.00** | **3.260,00** | **7,788.0[illegible]** |

### 2.1.2.ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Во набљудуваниот период 01.01.-30.06.2026 година работено е и на поставување на **хоризонтална сообраќајна сигнализација** односно рачно и машинско бележење на коловози и сл. и истото е прикажано во следната табела:

| Месец<br>2026 | Рачно бележење<br>м2 | Машинско бележење<br>м2 | Вибрациони ленти<br>м2 |
|---|---|---|---|
| **ФЕВРУАРИ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 52,68 | 120,00 | |
| **МАРТ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 483,69 | 810,00 | |
| **АПРИЛ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 893,61 | 579,00 | |
| **МАЈ** | | | |
| Извршена хоризонтална сообраќајна сигнализација | 2.696,76 | 401,25 | 16,20 |

Споредено со истиот период 2025 г има значајно зголемување и кај рачното обележување за 2.383,81 м2 и кај машинско бележење за 2.353,65 м2.

Во набљудуваниот период 01.01.-30.06.2026 година работено е и на поставување на **вертикална сигнализација** односно сообраќајни знаци и тоа:

| Месец | Монтиран нов сообраќаен знак | Демонтиран сообраќаен знак | Исправен сообраќаен знак | Монтирано ново сообраќајно огледало | Демонтажа на оштетени гумени платоа за смирување на сообраќај | Монтиран нов гумен делинеатор | Монтирано ново ретрорефлектирачко столбче | Монтирано новогумено плато за смирување на сообраќај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2026 | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче | парче |
| **ЈАНУАРИ** | | | | | | | | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 58.00 | | 17.00 | | | | | |
| **ФЕВРУАРИ** | | | | | | | | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 47.00 | | 19.00 | 1.00 | | 8.00 | 149.00 | |
| **МАРТ** | | | | | | | | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 147.00 | 11.00 | 47.00 | | | | | |
| **АПРИЛ** | | | | | | | 26 | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 64.00 | | 4.00 | 8.00 | | | | 8.00 |
| **МАЈ** | | | | | | | | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 79.00 | | | | | | 133.00 | |
| **ЈУНИ** | | | | | | | | |
| Извршена вертикална сообраќана сигнализација | 39.00 | 2.00 | | | 2.00 | | | |
| **Вкупно** | **434.00** | **13.00** | **87.00** | **9.00** | **2.00** | **8.00** | **308.00** | **8.00** |

### 2.1.3. СВЕТЛОСНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Активности на Одделнието **Светлосна сигнализација** за периодот од **01.01.-30.06.2026 година** се прикажани во следната Табела и тоа по месеци од редовно тековно одржување и потрошен материјал:

| 2026 | Семафоризација на нова р-ца | Нови лед лантерни | | | | Репариран лед модул | | | Репарирана лантерна | | Семаф. столбови | | | Дигитален софтверски семаф.уред ЈП | Возачка картица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01.-30.06. | | Возачка ф300 | Возачка ф210 | Пешачка | Дополнителна | Возачка ф300 | Возачка ф210 | Пешачка ф210 | Возачка ф210 | Пешачка ф210 | Обични | Конзолни | Портални и полупорт. | | |
| 52025 | | Ком | Ком | Ком | Ком | Ком | ком | ком | Ком | Ком | Ком | Ком | ком | ком | ком |
| **ЈАНУАРИ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | | | 2 | 4 | | 2 | 1 | 2 | 1 | | 5 | | | | |
| **ФЕВРУАРИ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Семафоризација | 1 | 5 | 8 | 16 | 2 | | | | | | 5 | 1 | 4 | | |
| Потрошен материјал | | 2 | 1 | 3 | | 3 | 8 | 4 | | | 2 | | | 1 | |
| **МАРТ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | | | 1 | 1 | 2 | 7 | 1 | 2 | | | 1 | | | | |
| **АПРИЛ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Потрошен материјал | | 1 | 1 | 1 | | 3 | 1 | 3 | 1 | 4 | 4 | | | | |
| **МАЈ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Булевар Македонија | 1 | 3 | 5 | 4 | | | | | | | 2 | 3 | | | |
| Бул.Македонија семафоризац | | 3 | 6 | 14 | 2 | | | | | | 9 | 3 | | | 1 |
| Потрошен материјал | | | 1 | 1 | | 5 | 4 | 5 | 1 | 1 | 1 | | | | |
| **ЈУНИ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Пот.мат. за одржување | | | | 1 | | 2 | 9 | 13 | | | | | | | |
| Бул.А.Македонски пешачки премин | | 4 | 4 | 4 | | | | | | | | | 2 | | |
| **Вкупно** | **2** | **19** | **29** | **50** | **4** | **22** | **24** | **29** | **2** | **5** | **29** | **7** | **6** | **1** | **1** |

### 2.1.4 КОРИТО НА РЕКА ВАРДАР И ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година се извршувани активности поврзани со рачно чистење на коритото на река Вардар и отворените канали на подрачјето на Градот согласно дадените налози за работа од Град Скопје односно Претпријатието беше ориентирано кон рачно чистење на косините на коритото на река Вардар,а се извршени и активности со машинско чистење на косините на река Вардар.

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година рачно се исчистени 8.896,00м2 на коритото на р. Вардар и машинско чистење на косините на река Вардар 2.437,00 м2.

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | Рачно чистење на косините | Машинско чистење на косините |
|---|---|---|---|
| | 2026 | м2 | м3 |
| | **АПРИЛ** | | |
| 1. | Машинско чистење на косините и нивелетата на река Вардар | | 2.437,00 |
| | **МАЈ** | | |
| 1. | Рачно чистење на косините и нивелетата на река Вардар | 8.896,00 | |
| | **Вкупно** | **8.896,00** | **2.437,00** |

### 2.1.5.ЗИМСКА СЛУЖБА

Кај Зимската служба, изработените работни часови од работната рака изнесуваат **21.312 часа** во периодот 01.01.-15.03.2026 година што е иста од изработените работни часови во истиот период во 2025 година кога изнесувале **21,312 часа.**

Кај часовите на ангажирање на механизацијата за извршување на активностите околу Зимската служба за набљудуваниот период во 2026 година изнесува **6.037,60 часа** и се помалку за 135,20 часа во однос на истиот период во 2025 година кога часовите на ангажирање на работна рака изнесувале **6.172.80 часа.**

Часовите на ангажирање на механизацијата и работната рака при Зимското одржување на сообраќајниците во потполност се зависни од временските услови и потребите за интервенција на терен.

Овие анализи за првата половина од 2026 година се прикажани во следната табела:

| Реден број | Месеци | Механизација | Работна рака | СОЛ | Ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | Час | час | тон | тон |
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1. | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 2.529,60 | 8.928,00 | 72,00 | 0 |
| | **ФЕВРУАРИ** | | | | |
| 1. | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 2.284,00 | 8.064,00 | 0 | 0 |
| | **МАРТ** | | | | |
| 1. | Учество на механизација и работна рака за интервенции | 1.224,00 | 4.320,00 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО:** | **6.037,60** | **21.312,00** | **72,00** | **0** |

## 3. *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ (за период 01.01.-30.06.2026 г.)*

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година ЈП „Улици и патишта"-Скопје има остварени вкупни приходи во износ од **145.373.814,00ден** и вкупни расходи во износ од **139.233.414,50 ден.** Како резултат на поголеми приходи од расходи во набљудуваниот период остварена е **добивка** од работењето во износ од **6,140.399,50 ден.**

Во истиот период 2025 година остварените вкупни приходи се во износ од **76.515.503,00 ден**, вкупните расходи за истиот период изнесувале **124.546.816,00 ден** и остварена е загуба во износ од **-48.031.313,00 ден**.

Во следната табела ќе бидат прикажани приходите, расходите и добивката кои се реализирани во 2026 и 2025 година за период од 01.01.- 30.06.

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 145.373.814,00 | 76.515.503,00 | 1,9 |
| Вкупни расходи | 139.233.414,50 | 124.546.816,00 | 1,12 |
| Добивка/загуба | **6.140.399,50** | **-48.031.313,00** | |

## 3.1.ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година реализирани се вкупни приходи во износ од **145.373.814,00 денари.** Овој износ на вкупни приходи е поголем од износот на вкупните приходи реализирани во истиот период во 2025 година (76.515.503,00 денари) за 68.858.311,00 денари односно за 90 **%.**

Реализираните приходи по разни основи во период 01.01.-30.06.2026 година споредени со реализираните приходи во период 01.01.-30.06.2025 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

| Ред. број | Опис | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Град Скопје | 134.864.115,00 | 68.349.740,00 | 1,97 |
| 2. | Други инвеститори | 14.525,00 | 1.644.730,00 | 0,01 |
| 3. | Останати приходи | 10.495.174,00 | 6.521.033,00 | 1,61 |
| | **Вкупно:** | **145.373.814,00** | **76.515.503,00** | **1,90** |

Од табелата се забележува дека постои зголемување на приходите реализирани по налог на Град Скопје во период 01.01.-30.06.2026 година **(134.864.115,00)** за 66.514.375,00 денари (индекс 1,97) во споредба со приходите реализирани по налог на Град Скопје за истиот период во 2025 година кога изнесувале **68.349.740,00денари**.

Приходите реализирани по налог на други инвеститори во период 01.01.-30.06.2026 година (**14.525,00 денари**) се намалени за 1.630.205,00 денари во споредба со приходите реализирани по налог на други инвеститори во период 01.01.-30.06.2025 година кога изнесувале **1.644.730,00 денари**.

Останатите приходи кои ги има реализирано ЈП Улици и патишта во период 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **10.495.174,00 денари** и се зголемени за 3.974.141,00 денари или за 60,94% споредено со останатите приходи во период 01.01.-30.06.2025 кога изнесувале **6.521.033,00 денари**.

## 3.2.ВКУПНИ РАСХОДИ

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година реализирани се вкупни расходи во износ од **139.233.414,50 денари.** Овој износ на вкупни расходи е поголем од износот на вкупните расходи реализирани во истиот период во 2025 година (**124.546.816,00 денари**) за 14.686.598,50 денари односно за 11,79 **%.**

Реализираните расходи по разни основи во период 01.01.-30.06.2026 година споредени со реализираните расходи во период 01.01.-30.06.2025 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

| Ред. број | Опис | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци | 30.091.444,00 | 28.756.401,00 | 0,70 |
| 2. | Нематеријални трошоци | 13.336.255,00 | 6.712.510,00 | 3,46 |
| 3. | Плати и други надоместоци | 94.011.222,00 | 88.418.867,00 | 1,06 |
| 4 | Останати и финансиски расходи | 1.794.493,50 | 659.038,00 | 2,72 |
| | **Вкупно:** | **139.233.414,50** | **124.546.816,00** | **1,18** |

Од Табелата е видно дека има зголемување на расходите кај материјалните трошоци за 1.335.043,00 (4,64%).

Зголемување на расходите има и кај нематеријалните трошоци за 6.623.745,00 (98,68%), кај платите и други надоместоци 5.592.355,00 (6,32%), кај останатите финансиски расходи 1.135.455.5 (172,29%)

# 4 БИЛАНС НА УСПЕХ (Извештај за добивка или загуба за период 01.01.-30.06.2026 г.)

## А.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

### А1.Приходи од продажба

**Приходите од продажба** во периодот 01.01.-30.06.2026 година во износ од **134.878.640,00 ден** се зголемени во однос на оние остварени истиот период во 2025 година (**69.994.470,00 ден**) за **64.884.170,00 ден** (индекс 1,93 или намалени се за 92,7%) и се однесуваат на приходи по основ на активности поврзани со: одржување на сообраќајници во зимски услови, машинско сечење на асфалт, раскопување асфалт, ископ, утовар и превоз на ископан материјал, санација на коловозна и тротоарска површина со асфалтна маса, изградба на коловоз и тротоар од асфалт, редење на рабници, демонтирање и монтирање на столбчиња, одржување на светлосна сигнализација, поставување на сообраќајни знаци, рачно и машинско обележување на сообраќајници,чистење на диви депонии на подрачјето на Град Скопје, поставување и фарбање на огради и други приходи.

**Град Скопје**

Во периодот 01.01.-30.06.2026 година најголем дел од приходите од продажба се остварени од работењето со Град Скопје и тоа **134.864.115,00 ден** и се за **66.514.375,00 ден** (97,31%) поголеми од приходите остварени од овој инвеститор во истиот период 2025 г. (**68.349.740,00 ден**).

Структурата на приходите остварени од работењето со Градот Скопје во анализираниот период се прикажани во табелата која следи:

| Ред. Бр. | Приходи според дејноста | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зимско одржување на сообраќајници | 21.133.560,00 | 21.672.125,00 | 0,98 |
| 2. | Летно одржување на сообраќајници, изградба и др. | 88.025.869,00 | 32.374.682,00 | 2,72 |
| 3. | Хоризонтална и вертикална сигнализација | 10.078.260,00 | 4.993.102,00 | 2,02 |
| 4. | Светлосна сигнализација | 14.261.706,00 | 6.721.895,00 | 2,12 |
| 5. | Сообраќајни проекти | 0 | 210.000,00 | |
| 6. | Чистење на кеј на р.Вардар | 1.364.720,00 | 2.377.936,00 | 0,57 |
| | **Вкупно:** | **134.864.115,00** | **68.349.740,00** | **1,97** |

**Други инвеститори**

Приходи од продажба се остварени и од работење со други правни лица во износ од **14.525,00 ден** за период 01.01.-30.06.2026 г. и овој вид на приходи се помали за **1.630.205,00** ден од истите приходи остварени во првото шестомесечие во 2025 година кога изнесувале **1.644.730,00 ден.**

**А2.Останати приходи**

**Останати приходи** во периодот од 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **10.479.750,00 ден**, а во периодот од 01.01.-30.06.2025 година изнесуваат **6.521.033,00 ден** односно се зголемени за **3.958.717.00 ден.**

Во следната табела ќе бидат прикажани останатите приходи од работењето во ЈП Улици и патишта Скопје кои се реализирани во 2026 и 2025 г за период 01.01.-30.06.

| Останати приходи | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|
| Приходи од претходно одложени приходи | 8.231.482,00 | 6.432.675,00 | 1,28 |
| Приходи од наплата на утужени побарувања, административни такси и др. | 2.262.793,00 | 88.358,00 | 25,61 |
| **Вкупно:** | **10.479.750,00** | **6.521.033,00** | **1,61** |

## Б.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Вкупните расходи од работењето на ЈП Улици и патишта - Скопје во периодот од 01.01.-30.06.2026 г. изнесуваат **139.233.414,50 ден** и се зголемени за 14.686.598,50 во споредба со вкупните расходи во периодот од 01.01.-30.06.2025 г. кога изнесувале **124.546.816,00,00 ден.**

Расходите од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје ги сочинуваа сите трошоци направени во текот на оперативното работење и се прикажани во табелата која следи:

| РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | индекс |
|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 14.614.465,00 | 3.650.338,00 | 4,00 |
| Трошоци за енергија | 3.573.898,00 | 2.061.388,00 | 1,73 |
| Трошоци за резервни делови | 1.411.596,00 | 485.558,00 | 2,91 |
| Трошоци за ситен инвентар, автогуми | 609.874,00 | 122.368,00 | 4,98 |
| ВКУПНО | **20.209.833,00** | **6.319.652,00** | **3,2** |
| Трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 539.084,00 | 848.460,00 | 0,64 |
| Услуги за одржување | 1.061.738,00 | 96.953,00 | 10,95 |
| Наемнини | 259.020,00 | 124.275,00 | 2,08 |
| Комунални услуги | 261.526,00 | 46.561,00 | 5,62 |
| Останати услуги | 2.222.662,00 | 13.552.536,00 | 0,16 |
| ВКУПНО | **4.344.030,00** | **14.668.785,00** | **0,30** |
| Трошоци за вработени | **94.011.222,00** | **88.418.867,00** | **1,06** |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | **5.537.581,00** | **7.767.964,00** | **0,71** |
| Нематеријални расходи | **10.035.005,50** | **6.712.510,00** | **1,49** |
| Останати расходи | **3.301.250,00** | **589.874,00** | **5,60** |
| Останати финансиски расходи | 1.794.493,00 | 69.164,00 | 25,95 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | **139.233.414,50** | **124.546.816,00** | **1,12** |

### Б1.ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ

**Трошоци за суровини и други материјали:**

**-Трошоци за суровини и материјали** опфаќаат потрошени материјали за производство на асфалт (битумен, ризла и екстра лесно гориво), потрошени материјали за светлосна сигнализација, потрошени материјали за хоризонтална и вертикална сигнализација (боја, сообраќајни знаци и сл.), потрошени материјали за одржување и чистење, потрошени средства за заштита при работа, потрошен канцелариски материјал, потрошен материјал за тековно одржување, потрошен материјал за чистење и одржување, потрошена хтз опрема. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **14.614.465,00 ден** и се поголеми за 10.964.127,00 ден. од истите во период 01.01.-30.06.2025 година кога изнесувале **3.650.338,00 ден**

**-Трошоци за енергија** се однесува на потрошена нафта, потрошени масла и мазива, потрошена електрична енергија, потрошена топлотна енергија и потрошено гориво за службените

возила на ЈП "Улици и патишта" – Скопје. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **3.573.898,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2025 г кога изнесувале **2.061.388,00 ден**– намалени се за 1.512.510,00.

**-Трошоци за резервни делови** се однесуваат на потрошени резервни делови за тековно одржување на возилата на ЈП Улици и патишта, други потрошени резервни делови. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **1.411.596,00 ден** и се зголемени за 926.038,00 ден од истите во период 01.01.-30.06.2025 г кога изнесувале **485.558,00.**

**-Трошоци за ситниот инвентар** се однесува на отписот на ситен инвентар на залиха, отпис на ситен инвентар во употреба и отпис на авто гуми. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **609.874,00 ден** и се зголемени од истите во период 01.01.-30.06.2025 г за 487.506,00 ден кога изнесувале **122.368,00 ден**.

Вкупните трошоци за суровини и материјали во период 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **20.209.833,00 ден** и се драстично зголемени - за 13.890.181,00 денари од вкупните трошоци за суровини и материјали во период 01.01.-30.06.2025 година кога овие трошоци биле во износ од **6.319.652,00 денари.**

**Услуги со карактер на материјални трошоци:**

**-Трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги и интернет** се однесуваат на трошоци за телефонски услуги, трошоци за користење на мобилна телефонија и трошоци за поштенски услуги. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **539.084,00 ден** и се помали од истите во период 01.01.-30.06.2025 г за 309.376,00 денари кога изнесувале **848.460,00 ден.**

**-Услуги за одржување** се однесуваат на услуги за обезбедување и одржување на Асфалтна база, услуги за одржување на основни средства – транспортни и патнички возила и машини и други услуги за одржување. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **1.061.738,00 ден** и се далеку поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2025 г ( **96.953,00 ден** ) за 964.785,00 ден

**-Наемнини** се однесува на трошоци за изнајмување на транспортни и специјални возила. Овие трошоци во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **259.020,00 ден** и се поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2025 г за 134.745,00 денари кога изнесувале **124.275,00 ден**

**-Комунални услуги** се однесуваат на трошоци за вода, трошоци за изнесување и собирање на смет и сл и во периодот од 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **261.526,00 ден** - поголеми од истите во период 01.01.-30.06.2025 г кога изнесувале **46.561,00ден** за 214.965,00 ден.

**-Останати услуги** се однесуваат на трошоци за подизведувачи за извршување на градежно – занаетски работи, чистење на корито р. Вардар и нејзините притоки , трошоци за регистрација на возила и други услуги и во периодот 01.01.-30.06.2026 г. изнесуваат **2.222.662,00 ден.** Овие расходи се пониски во однос на истите во првото полугодие 2025 г за 11.329.874,00 ден кога изнесувале **13.552.536,00 ден.**

Вкупните трошоци од **Услуги со карактер на материјални трошоци** во период 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **4.344.030,00 ден** и се помали за 10.324.755,00 ден од износот на овој вид на трошок во истиот период минатата година (**14.668.785,00 ден**) .

**Б2.АМОРТИЗАЦИЈА**

За периодот 01.01.-30.06.2026 г. пресметана е амортизација на материјалните и нематеријалните средства во износ од **5.537.581,00 ден.** Амортизацијата за периодот 01.01.-30.06.2025 г. е во износ од **7.767.964,00 ден**.

**Б3. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ**

Вкупните трошоци за вработени во периодот од 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **94.011.222,00 ден** и се поголеми од вкупните трошоци за вработени во истиот период во 2025 г кога изнесувале **88.418.867,00 ден** за 5.592.355,00. Трошоци за вработени во Претпријатието се по основ на трошоци за бруто плата, трошоци за отпремнина при заминување во пензија, помош во случај на смрт на вработен или на член од семејство,трошоци за образование и усовршување на вработените и сл.

**Трошоци за бруто плати**

Трошоците за бруто плати за односниот период 2026 г изнесуваат **91.699.545,00 ден** и се за 3.974.166,00 ден поголеми во однос на истиот период 2025 г. кога изнесувале **87.725.379,00 ден.**

Вкалкулираните бруто плати ги опфаќаат: нето платите, надомести од личен доход за боледување, државен празник и годишен одмор, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и придонес за вработување.

**Останати трошоци за вработени**

Останати трошоци за вработени по основ на трошоци за отпремнина при заминување во пензија, помош во случај на смрт на вработен или член од семејство, трошоци за образование и усовршување на вработените и сл. во периодот од 01.01-30.06.2026 г. изнесуваат **2.311.677,00 ден**, и се поголеми од истиот вид на трошоци во 2025 г за 1.618.189,00 ден (**693.488,00 ден**).

**Б4. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

**Останати трошоци од работењето** се трошоците за надомест за членовите на УО и НО, трошоци за репрезентација, трошоци за премии за осигурување, трошоци за платен промет, трошоци за членарини на стопански комори, трошоци за административни такси, трошоци за правни, адвокатски и нотарски услуги, трошоци за услуги за ревизија и проценка, преписи и преводи, вештачење, интелектуални услуги, трошоци за дневен печат, стручни списанија, судски трошоци, трошоци за извршители, трошоци за огласување, премии за осигурување на градежни објекти, премии за осигурување на транспортни средства и сл.

Останатите трошоци од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во периодот од 01.01.-30.06.2026 г. изнесуваат **15.092.348,50 денари** и се поголеми за **7.789.964,50 ден** од истиот вид на трошоци во периодот од 01.01.-30.06.2025 г. кои изнесувале **7.302.384,00 ден.**

Овој вид на расходи подетално се прикажани во следната табела:

| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 2026 | 2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|
| Трошоци за надомест на членови на УО и НО | 540.006,00 | 773.340,00 | 0,70 |
| Трошоци за репрезентација | 1.637,00 | 36.000,00 | 0,05 |
| Трошоци за премии за осигурување на градежни објекти и транспортни средства | 895.832,00 | 111.823,00 | 8,01 |
| Трошоци за платен промет во земјата и странство | 71.006,00 | 11.030,00 | 6,44 |
| Членарини на стопански комори, административни такси, царини и останати давачки и сл. | 31.556,00 | 58.242,00 | 0,54 |
| Трошоци за интелектуални услуги | 6.467,00 | 310,00 | 20,86 |
| Правни, адвокатски и нотарски услуги | 2.438.442,00 | 1.019.980,00 | 2,39 |
| Услуги за ревизија и проценка | 417.000,00 | 256.750,00 | 1,62 |
| Услуги за вештачење | 35.400,00 | 44.500,00 | 0,80 |
| Услуги по договор за дело | 4.167.561,00 | 4.099.371,00 | 1,02 |
| Останати трошоци | 26.400,00 | 17.100,00 | 1,54 |
| Трошоци за претплата на стручни списанија | 16.095,00 | 23.690,00 | 0,68 |
| Судски трошоци | 762.126,00 | 21.167,00 | 36,01 |
| Трошоци за извршители | 429.400,50 | 0 | |
| Трошоци за огласување | 151.011,00 | 224.311,00 | 0,67 |
| Останати трошоци на работењето | 6.666,00 | 14.896,00 | 0,45 |
| Останати финансиски расходи | 1.794.493,00 | 69.164,00 | 25,95 |
| Трошоци од минати години | 3.301.250,00 | 589.874,00 | 5,60 |
| ВКУПНО | **15.092.348,50** | **7.302.384,00** | 2,07 |

## *5 БИЛАНС НА СОСТОЈБА (Извештај за финансиска состојба)*

***АКТИВА***

**А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** во периодот 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **33.205.659,00 ден.** Тие се состојат од нематеријални средства (1.300.446,00 ден), материјални средства (31.220.223,00 ден) и долгорочни финансиски средства (684.990,00 ден).

**А1.НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

Нематеријалните средства во периодот од 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **1.300.446,00 ден,** а во периодот од 01.01.-30.06.2025 г изнесуваат **862.672,00 ден** односно има зголемување за 437.774,00 ден.

Материјалните средства во периодот 01.01.-30.06.2026 г изнесуваат **31.905.213,00 ден,** а во периодот од 01.01.-30.06.2025 г изнесуваат **42.808.407,00 ден** односно има намалување за 10.903.194,00 ден.

**А2.ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Долгорочните финансиски вложувања на 30.06.2026 г. изнесуваат **684.990,00 денари** исто како и на 30.06.2025 г.

**Б.ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** на 30.06.2026 г ги сочинуваат залихи **(22.703.282,00,00 денари),** краткорочни побарувања (**158.987.881,00 ден**), краткорочни финансиски средства (**598.000,00 ден**), парични средства и парични еквиваленти (**6.965.652,00 ден**)побарувања за даноци (**11.903.715,00**) и други побарувања(**27.256,00**) односно вкупно **201.185.786,00 ден.**

**Б1.ЗАЛИХИ**

Залихите на суровини и материјали на 30.06.2026 година изнесуваат **22.703.282,00 денари** и се намалени за **7.878.434,00 ден** во споредба со залихите на 30.06.2025 година кога изнесувале **30.581.716,00 ден** како резултат на поголеми набавки за Сектор сообраќај – семафорски лантерни за светлосна сигнализација кои ќе бидат вградени и фактурирани во наредниот период,како и набавка на боја за обележување кое веќе се врши на сообраќајниците во Градот.

Во следната табела се прикажани финансиските показатели за залихите во првото шестомесечие во 2026 споредбено со финансиските показатели на залихите првото шестомесечие во 2025 година:

| ЗАЛИХИ | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|
| Залихи на суровини и материјали | 18.552.426,00 | 26.297.199,00 | 0,71 |
| Залиха на резервни делови | 1.753.004,00 | 2.011.057,00 | 0,87 |
| Залиха на ситен инвентар | 2.020.798,00 | 1.944.925,00 | 1,04 |
| Ситен инвентар во употреба | 569.817,00 | 598.762,00 | 0,95 |
| Залиха на автогуми | 377.054,00 | 328.535,00 | 1,15 |
| Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | -569.817,00 | -598.762,00 | 0,95 |
| ВКУПНО | **22.703.282,00** | **30.581.716,00** | **0,74** |

Суровини и материјали на залиха се состојат од залиха на: битумен, сепариран варовник, нафта, материјали за хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација – боја, сообраќајни знаци и слично, материјали за светлосна сигнализација – кабли, лантерни, сијалици и слично, материјали за тековно одржување, канцелариски материјали, средства за заштита при работа и други суровини и материјали.

Резервни делови на залиха се однесуваат на резервни делови во главен магацин и магацин на Асфалтна База.

Ситен инвентар на залиха се однесува на ситниот инвентар и ХТЗ опремата ставена на залиха.

Ситен инвентар во употреба се однесува на специјален и универзален алат даден во употреба.

Амбалажа и автогуми на залиха ги опфаќаат автогумите на залиха.

Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите се врши со исправка на вредноста на ситен инвентар 100%.

**Б2. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ**

Побарувањата по основ на продажба за периодот 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **151.618.036,00 денари**, а за периодот 01.01.-30.06.2025 – **151.789.252,00 денари** и истите се намалени за **171.216,00 денари** . Во следната табела подетално се прикажани побарувањата по видови:

| Опис | 01.01.-30.06.2026 | 01.01.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 35.794.140,00 | 30.336.131,00 | 1,18 |
| Утужени побарувања | 98.859.387,50 | 101.335.748,50 | 0,98 |
| Спорни застарени побарувања – пред 2010 година. | 115.823.896,00 | 115.823.896,00 | 1,00 |
| Вредносно усогласување на побарувањата | -98.859.387,50 | -95.706.523,50 | 1,03 |
| ВКУПНО: | **151.618.036,00** | **151.789.252,00** | **1,00** |

Побарувањата од купувачи во земјата се однесуваат на побарувања по основ на санација на коловозна и тротоарска површина со асфалтна маса, коловоз од асфалт, тротоар од асфалт, машинско сечење на асфалт, раскопување асфалт, ископ, утовар и превоз на ископан материјал, редење на ивичњаци, демонтирање и монтирање на столбчиња, поставување на сообраќајни знаци, обележување на сообраќајници,одржување на светлосна сигнализација, поставување и фарбање на огради, одржување на сообраќајници во зимски услови и сл.

Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите се однесуваат на вредносното усогласување на побарувањата – ненаплатени утужени побарувања.

**Б2.1.ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ** за периодот 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **1.654.594,50** ден., а во периодот 01.01.-30.06.2025 изнесуваат **3.952.762,50 ден.**

**Б2.2.ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, ЦАРИНИ И СЛ.**

Побарувања по основ на данок на додадена вредност во периодот од 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **11.903.715,00 ден** и се намалени во однос на побарувањата по основ на данок во периодот од 01.01.-30.06.2025 година кога изнесувале **17.638.678,00 денари.** Ова се вид на тековни побарувања по основ на влезен данок за додадена вредност за кое побарување на одредени периоди се доставува Барање до УЈП за пребивање со обврската по основ на даноци за што добиваме Решение за извршено пребивање.

**Б2.3. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** се побарувањата од вработените кои во период 30.06.2026 година изнесуваат **27.255,50 денари** и се поголеми за 2.449,50 ден од истите на

30.06.2025 год кога изнесуваат **24.806,00 денари**. Останати краткорочни побарувања се побарувања од вработените и останати неспоменати краткорочни побарувања се однесуваат на побарувања од вработените по основ на надминат лимит на мобилен телефон, по основ на исплатени материјални трошоци од благајна и сл.

**Б3.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** се побарувањата по дадени заеми и во периодот од 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **598.000,00** денари, исто како и во периодот 01.01.-30.06.2025 г. Овие заеми се дадени на Синдикатот на Јавното претпријатие.

**Б4.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** се паричните средства во благајна и на сметките на ЈП Улици и патишта – Скопје во деловните банки кои на 30.06.2026 година се во износ од **6.965.652,00 денари,** а на 30.06.2025 година изнесувале **1.157.525,00** ден.

| Опис | 2026 | 2025 |
|---|---|---|
| Парични средства на трансакциони сметки | 6.946.777,00 | 1.141.638,00 |
| Парични средства во благајна | 18.875,00 | 15.887,00 |
| ВКУПНО | 6.965.652,00 | **1.157.525,00** |

**Б5.ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ИДНИ ПЕРИОДИ**

По овој основ за периодот 01.01.-30.06.2026 г. не се пресметани однапред платени трошоци исто како во истиот период во 2025 г.

**ВКУПНАТА АКТИВА** во период 01.01.-30.06.2026 година изнесува **234.467.077,00 ден.**

***ПАСИВА***

**А.ОСНОВНА ГЛАВНИНА**

Капиталот во износ од **23.185.342,00 денари** на 30.06.2026 г. е на исто ниво како и на 30.06.2025 г. и ги претставува сопствените трајни извори на средства за работење на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.

**А1. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка**

Ревалоризациска резерва на 30.06.2026 г. изнесува **87.853,00 денари** исто како и на 30.06.2025 г. и претставува резултат - ефект од ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства од минати години.

**А4. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА –** тука е евидентиран износот на непокриената загуба од 2024г. и 2025г. во износ од **118.881.105,00 ден**.

**А5. ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** Јавното претпријатие "Улици и патишта"- Скопје на 30.06.2026 година го завршува своето работење со позитивен финансиски резултат – добивка во износ од **6.140.399,50 денари**, за разлика од загубата за периодот 01.01.-30.06.2025 г во износ од **-48.031.313,00 денари**

**Б.ОБВРСКИ**

**КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** се обврски спрема добавувачи, обврски за аванси депозити и кауции, обврски кон вработените, тековни даночни обврски и останати краткорочни обврски.

**Б1. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ОБВРСКИ ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ**

Обврските кон добавувачите за периодот 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **269.470.608,00 ден** се намалени за **9.996.963,00 денари** од обврските кон добавувачите за периодот 01.01.-30.06.2025 година кога изнесувале **279.467.571,00 ден** и се состојат од:

| опис | 2026 | 2025 | индекс |
|---|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 248.315.348,00 | 263.393.706,00 | 0,94 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 20.444.136,00 | 15.362.741,00 | 1,33 |
| Обврски за примени аванси | 711.124,00 | 711.124,00 | 1,00 |
| **ВКУПНО** | **269.470.608,00** | **279.467.571,00** | **0,96** |

Обврски спрема добавувачи се однесуваат на неизмирени обврски кон добавувачите за набавка на основни средства, материјали и стоки, како и добавувачите на услуги.

**Б2.ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ** на 30.06.2026 година изнесуваат **19.998.186,00** денари и се состојат од пресметана бруто плата за м.06/2026 во износ 17.904.156,50 денари (исплатена во 07/26) и дел заостанати неплатени придонеси од плата за 2005 г. во износ 2.034.053,50 денари и останати обврски спрема вработени од претходни години 59.976,00 денари.

**Б3.ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** на 30.06.2026 година изнесуваат **11.369.895,50 денари**, а во период 01.01.-30.06.2025 година изнесуваат **10.095.728,00 ден.**

**Б4.ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** на 30.06.2026 година изнесуваат **270.000,00 ден** и се однесуваат на пресметани, а исплатени обврски во 07.2026 за месечни надоместоци за членови на УО и НО.

**Б5.ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)**

Одложените плаќања на трошоците за период 01.01.-30.06.2026 година изнесуваат **254.907,00 ден** .

**ВКУПНА ПАСИВА** во период 01.01.-30.06.2026 г. изнесува **234.467.077,00 ден.**

# ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД АПРИЛ ДО ЈУНИ 2026 ГОДИНА

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 01.04.-30.06.2026 | 01.04.-30.06.2025 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 84.676.387,00 | 40.812.839,00 | 2,07 |
| Вкупни расходи | 77.761.648,00 | 74.008.754,00 | 1,05 |
| Добивка/загуба | **6.914.739,00** | **-33.195.915,00** | |

ВКУПНИ ПРИХОДИ (АПРИЛ ДО ЈУНИ 2026 Г.)

Вкупните приходи остварени за периодот од април до јуни 2026 година изнесуваат **84.676.387,00** денари и се за 43.863.548,00 ден поголеми од приходите остварени за истиот период 2025 г. кога изнесувале **40.812.839,00** ден.

Реализираните приходи по разни основи за периодот од април до јуни 2026 и 2025 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

| Ред. број | Опис | Април-Јуни 2026 | Април-Јуни 2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Град Скопје | 78.073.958,00 | 37.606.461,00 | 2,08 |
| 2. | Други инвеститори | 3.750,00 | 15.000,00 | 0,25 |
| 3. | Останати приходи | 6.598.679,00 | 3.191.378,00 | 2,07 |
| | **Вкупно:** | 84.676.387,00 | 40.812.839,00 | 2,07 |

Учеството на поедини видови на приходи во вкупните приходи во 2026 г за подобра визуелна презентација на податоците е прикажано во следниот графикон:



Вкупните приходи кои се реализирани во периодот од април до јуни 2026 година година се составени од приходи по налог на Град Скопје (92,2 %), приходи по налог на Други инвеститори(0) и останати приходи (7,8%).

## ВКУПНИ РАСХОДИ (АПРИЛ ДО ЈУНИ 2026 Г.)

Вкупните расходи за периодот 01.04.-30.06.2026 г. се во износ од 77.761.648,00 **денари** и се за 3.752.894,00 денари поголеми од расходите за истиот период во 2025 г. кога вкупните расходи изнесуваат **74.008.754,00 денари.**

Расходите за периодот од април до јуни во 2026 година и расходите за периодот од април до јуни во 2025 година се прикажани во следната табела:

***Табела 5***

| Реден број | Видови трошоци | 01.04.-30.06.2026 | 01.04.-30.06.2025 | Индекс 26/25 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци | 20.073.938,00 | 26.046.111,00 | 0,77 |
| 2. | Нематеријални трошоци | 6.487.637,00 | 4.023.597,00 | 1,61 |
| 3. | Трошоци за вработени | 47.836.523,00 | 43.830.500,00 | 1,09 |
| 4. | Останати расходи | 3.363.550,00 | 108.546,00 | 30,99 |
| | **Вкупно:** | **77.761.648,00** | **74.008.754,00** | 1,05 |

Учеството на поединечни видови на расходи во вкупните расходи во 2026 г за подобра визуелна презентација на податоците е прикажано во следниот графикон:




Од изнесените податоци погоре во Извештајот за период од април до јуни 2026 година можат да се извлечат следниве заклучоци:

- **Вкупните приходи** остварени за периодот од април до јуни 2026 година изнесуваат **84.676.387,00** денари и се за 43.863.548,00 ден поголеми од приходите остварени за истиот период 2025 г. кога изнесувале **40.812.839,00 ден.**
- **Вкупните расходи** за периодот од април до јуни 2026 година се во износ од **77.761.648,00** денари и се за 3.752.894,00 денари помали од расходите за истиот период во 2025 г. кога вкупните расходи изнесуваат **74.008.754,00 ден.**

- Во периодот од април до јуни 2026 година прикажана е **добивка** во износ од **6.914.739,00** ден, а во истиот период 2025 година прикажана е загуба од -**33.195.915,00** денари.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

Податоците изнесени погоре во текстот покажуваат дека во првото полугодие од 2026 г. Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје споредено со истиот период во 2025 г. ги покажува следниве резултати:

- Вкупните приходи во периодот 01.01.-30.06.2026 г. изнесуваат **145.373.814,00 денари** и се поголеми за 68.858.311,00 денари од приходите остварени во периодот 01.01.-30.06.2025 г. кога тие изнесувале **76.515.503,00**
- Вкупните расходи во периодот 01.01.-30.06.2026 г. изнесуваат **139.233.414,50 денари**, и се зголемени за 14.686.598,50 денари од расходите во период 01.01.-30.06.2025 г. **124.546.816,00 ден.**
- Во периодот 01.01.-30.06.2026 г реализирана е **добивка** во износ од **6.140.399,50 денари**, за разлика од периодот од 01.01.-30.06.2025 г. кога **загубата** изнесувала **-48.031.313,00 денари**.

**Изготвил:**
Моника Конеска
*Виш соработник за план и анализа*

**Контролирал:**
*Нако Михаилов*
*Раководител на одделение за финансии*

**ВД Директор**
*Борис Настов*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-2804/2
30 07 2026
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

# ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Телефон: +389 2 3182 317
Е - маил: info@uip.gov.mk

Врз основа на член 38 став 3 од Стаутот на ЈП Улици импатишта-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта - Скопје,на својата шестта седница,одржана на ден 30 јули 2026 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

По разгледувањето на Извештајот за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 01.01.до 30.06.2026 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни 2026 година, изготвен од страна на сектор за Финансиско работење на претпријатието,како и дискусијата по однос на оваа точка од дневниот ред, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје едногласно даде позитивно мислење за истиот и дава препорака до Управниот одбор на ЈП Улици и Патишта – Скопје и до Советот на Град Скопје, да го усвојат.

Надзорен одбор за контрола на материјално-
финансиско работење
в.д.Претседател
Дејан Митровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-2819/2
31-07 2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.ulp.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Врз основа на овластувањата кои произлегуваат од член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје,член 19 став 2 точка 4 од Законот за јавни претпријатија и Мислењето на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење бр.02-2804/2 од 30.07.2026 година, Управниот одбор на десетата седница, одржана на 31 јули 2026 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**За Извештајот од работење на ЈП Улици и патишта-Скопје за период од 01.01.до 30.06.2026 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни 2026 година**

I

Врз основа на Мислење бр.02-2804/2 од 30.07.2026 година, дадено од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење во ЈП Улици и патишта-Скопје, Извештајот со показатели за финансиското работење за период од 01.01. до 30 .06. 2026 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни 2026 година на ЈП Улици и патишта-Скопје, се усвојува.

II

За реализација на оваа Одлука ќе се погрижи в.д.Директорот и секторот за Финансиско работење кои се задолжуваат Извештајот, согласно Статутот и Законот за јавни претпријатија да го достави до Совет на Град Скопје на разгледување.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 19 став 2 став 4 од Законот за јавните претпријатија, Управниот одбор ги разгледува и усвојува кварталните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, на јавното претпријатие,врз основа на мислење дадено од Надзорнот одбор за материјално-финансиско работење во јавното претпријатие.

Управниот одбор го разгледа Извештајот со показатели за финансиското работење за период од 01.01. до 30 .06. 2026 година и тримесечен извештај со показатели за финансиското работење за период од април до јуни за 2026 година и врз основа на позитивното мислење дадено од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење , одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**в.д.Председател**
**Милан Андоновски**